05.03.24

Reply all | Delete Junk |

# Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

[redacted]> Reply all |

Today, 10:47 AM

Natalija Stojanova Filipova; Daniela Radik

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: 04.03.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 1005 | 236/1 | | |

Inbox

Барање за информаци...
198 KB

Show all 1 attachments (198 KB) Download

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), заради истражувачки цели, во прилог Ви го испраќаме Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Рок на чување/Afati i ruajtjes ______
______ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi,
______

Ви благодариме однапред.
Со почит,

[redacted]
Проектен асистент | Project Assistant
[redacted]

T: +389 2 6092 216
M: +389 71 333 727
E: [redacted]
A: Ул. [redacted]

[redacted]

Help save paper - do you need to print this email?

[redacted]

[redacted]
Бр 0811 – 14/4
04.03. 2024 год.
СКОПЈЕ

**До:** Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

**Предмет:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Заради спроведување на анализа за бројот на поднесени жалби до Комисијата и видот на донесените одлуки, потребно е да ни ги обезбедите следните податоци:

1. Ве молиме да ја пополните следната табела со податоци за поднесени жалби до Комисијата во **постапки за вработување на здраствени работници во јавните здравствени установи**

| **Година** | **Вкупен број на поднесени жалби** | **Полова структура на вкупниот број ан поднесени жалби** | | **Вкупен број на донесени одлуки** | **Број на уважени жалби** | **Полова структура на бројот на уважени жалби** | | **Број на одбиени жалби** | **Број на отфрлени жалби** | **Број на мериторни одлуки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Мажи** | **Жени** | | | **Мажи** | **Жени** | | | |
| **2021** | | | | | | | | | | |
| **2022** | | | | | | | | | | |
| **2023** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | |

2. Ве молиме да ја пополните следната табела со податоци за **основот на поднесените жалби во постапките за вработување** на здравствени работници во јавните здравствени установи ( Ве молиме додадете редови во табелата, доколку е потребно)

| **Основ** | **Вкупно примени во 2021** | **Вкупно примени во 2022** | **Вкупно примени во 2023** | **Број на уважени жалби** | | | **Број на одбиени жалби** | | | **Број на отфрлени жалби** | | | **Број на одлуки со кои мериторно се решава предметот** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2021 | **2022** | 2023 | 2021 | 2022 | **2023** | 2021 | 2022 | 2023 | **2021** | **2022** | **2023** |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

3. Ве молиме да ја пополните следната табела со податоци за поднесени жалби до Комисијата против **одлуки за дицисплинска одговорност на здравствени работници**, вработени **во јавните здравствени установи, според видот на дисциплинскиот престап** ( Ве молиме додадете редови во табелата, доколку е потребно)

| Вид на дисциплински престап | Вкупно примени во 2021 | **Вкупно примени во 2022** | Вкупно примени во 2023 | Број на уважени жалби | | | Број на одбиени жалби | | | Број на отфрлени жалби | | | **Број на одлуки со кои мериторно се решава предметот** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 2021 | **2022** | 2023 | 2021 | 2022 | **2023** | 2021 | 2022 | 2023 | **2021** | 2022 | 2023 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

**<u>Ве замолуваме одговорите освен во скениран pdf формат, да ни ги доставите и во word формат заради полесна обработка на податоците содржани во табелите</u>.**


**Барател на информацијата:**
[redacted]ни,
[redacted]
е-пошта: [redacted]
[redacted]
тел.: 02 6092-216


Датум и место, --------2024 година, Скопје

**Овластено лице:**
[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

13. 03 2024 година

**Архивски број:** 1005 -236/2

Врз основа на член 20 став 7 од Законот за општа управна постапка ( „Службен весник на РМ“ бр.145/15) и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („ Службен весник на РСМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**за постапување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-236/1 од 04.03.2024 година поднесено од [redacted] нивни број 0811-14/4 од 04.03.2024 **СЕ УВАЖУВА.**

**Образложение**

На ден 04.03.2024 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по електронски пат доставено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од лицето [redacted] тото е заведено под број 1105-236/1.

Во барањето е наведено дека подносителот на барањето [redacted] од имателот на информација од јавен карактер, во овој случај Државната комисија, заради спроведување на анализа за бројот на поднесени жалби до Државната комисија и видот на донесените одлуки, бараат да се достават следниве податоци:

- Податоци за поднесени жалби до Комисијата за постапки за вработување на здравствени работници во јавните здравствени установи;
- Податоци за основот на поднесените жалби во постапките за вработување на здравствените работници во јавните здравствени установи;
- Податоци за поднесени жалби до Комисијата против одлуки за дисциплинска одговорност на здравствени работници, вработени во јавните здравствени установи, според видот на дисциплинскиот престап.


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Податоците кои се предмет на Барањето за слободен пристап до пристап до информации од јавен карактер се поделени во три табели, кои се составен дел на самото барање.

Притоа, во самото Барање е наведено дека одговорите освен во скениран pdf формат, бараат да им бидат доставени и во word документ заради полесна обработка на податоците во табели.

Постапувајќи по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-236/1 од 04.03.2024 година, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос втор степен донесе одлука барањето да се уважи, но бараната информација нема да биде доставена.

Имено, согласно Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( „Службен весник на РМ" бр.51/2011, 148/2013, 41/2014, 130/20214, 53/2016, 11/2018 и 122/18), Државната комисија изготвува Годишен извештај кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година. Во Извештајот кој го изготвува Државната комисија не се структуирани податоците на начинот на кој Вие ги побарувате. Во уписникот во кој се заведуваат жалбите од здравствените работници, покрај тие жалби се заведуваат и жалби од лица вработени во други установи, согласно Планот за архивски знаци на Државната комисија.

Поради тоа, Државната комисија не може да Ви ги достави бараните податоци на начин како што е наведено во табелите кои се составен дел од Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер. Воедно, Ви укажуваме дека сите досега изготвени Годишни извештаи се достапни на веб страната на Државната комисија.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисја одлучи како во диспозитивот на Решението.

Правна поука: Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

*Изготвил: Наталија С. Филипова*

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

13.03 2024 година

**Архивски број:** 1005-236/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување, доставување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 04.03.2024 година и заведено под број 1005-236/1, Ве известуваме за следново:

Постапувајќи по поднесеното барање за пристап до информации од јавен карактер од Ваша страна, Државната комисија донесе Решение за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер. Примерок од Решението во оригинал Ви доставуваме во прилог на ова Известување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Даница Чадиева**

*Прилог: Решение за постапување по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (оригинал)*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk